Арх.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
-Државен инспекторат за животна средина-

Министерство за животна средина и просторно планирање-Државен инспекторат за животна средина преку виш водостопански инспектор Виолета А. Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024год., изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Здравковски Митко со адреса во с.Косевица, општина Македонска Каменица и со Записник број ип1 31-507 од 03.07.2025 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 83 став 1 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019, 272/24, 22/25), а во врска со примена на одредбите од Закон за води, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

1) Се Опоменува субјектот на надзор Здравковски Митко, да ги отстрани утврдените со записник недостатоци и неправилности, и тоа: Да го врати просторот во првобитна состојба и изградбата на системот за зафаќање на вода да го усогласи со одредбите од Закон за водите и прописите кои се донесени врз основа на истиот закон.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 30 (триесет) дена од приемот на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4) ~~Се задолжува субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од __________денари, на жиро сметка број ______________________.~~

5) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување

# Образложение

Министерство за животна средина и просторно планирање-Државен инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 алинеја 20 од Закон за води (Сл. весник на РМ“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ бр. 151/21,3/25), преку виш водостопански инспектор Виолета А.Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024 год. изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор, состави Записник број ип1 31-507 од 03.07.2025 година, во кој се констатирани наоди за утврдена фактичка состојба: До Државен инспекторат за животна средина е доставена преставка од страна на жители на село Косевица со која се бара превземање на законски дејствија за активности во речното корито кои се вршат од страна на нивен соселанец. Во однос на поднесената преставка и издаден налог бр.02-737/2 на ден 03.07.2025 год. Државен инспекторат за животна средина изврши увид на посочената локација и утврди дека во дел од речното корито на дел од КП 2133 Ко Косевица, во непосредна близина на КП 1214 КО Косевица, има извршено градежни земјени работи и поставено две каптажи со приближна длабочина од 5м и 7 м со кои се зафаќа подземна вода, во истите водата се собира и преку систем на извлекување по гравитационен пат се одведува и се акумулира во простор определен на две локации за нејзина понатамошна употреба. Каптажите се изведни од армиранобетонски прстени со приближни димензии D=2,4м и висина од 1м. Акумулациите се изведени испод кота на терен како две посебни и тоа едната акумулација е лоцирана на дел од КП 1314 КО Косевица кое земјиште е во сопственост на субјектот на надзор, а втората акумулација е изведена на дел од КП 2133 КО Косевица кој е дел од речно корито и е во сопственост Р.М. со култура води. Моментално на лице место не се забележани геодетски белези и субјектот својата катастарска парцела ја нема целосно оградено.
За извршените градежни активности и користените градежни машини субјектот изјави дека истите се извршени преку правниот субјект АЛИ ТРАНС дооел с.Косевица кој е во нивна сопственост, а за извршените градежни активности и за изведениот систем за зафаќање на вода, субјектот изјави дека не поседува согласност/дозвола/акт издаден од надлежен орган.

По службена должност за катастарските парцели во предметот за катастарска општина Косевица се прибави: Имотен лист бр.102 издаден под бр.1105-3575/2025 од 03.07.2025 год, Имотен лист бр.174 издаден под бр.1105-3576/2025 од 03.07.2025 год, Потврда под бр.10-1747/2 од 03.07.2025 год. издадена од општина Македонска Каменица.
Од страна на субјектот во скенирана форма се достави имотен лист број 174 за КО Косевица издаден од Агенција за катастар на недвижностите под бр.1105-35/2025 од 04.07.2025 год. и Решение со број 28200123850 од 25.01.2021 год. издадено од Фонд за пензиско и инвалидско осигурување.
Констатација: За извршените градежни работи во и околу речното корито и за поставените каптажи субјектот на надзор не поседува водостопанска согласност ниту пак поседува соодветен акт издаден од надлежен орган за користење на водата. Предметните катастарски парцели не се во опфат на урбанистички план, урбанистичко планска документација и урбанистичко проектна документација која е на сила во општината, ниту пак е во постапка на донесување од страна на општината.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА
Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број бр. Ип1 31-507 од 07.07.2025 година

Виш водостопански инспектор
Виолета А.Ѓорѓиева д.г.и.
рег.бр.06-0024 од 25.01.2024 год.